КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03 - 655/9
27.07. 2017 год.
СКОПЈЕ

**Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија**

Број:
Датум: 27.7.2017

Врз основа на член 46 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, и член 105-109 од Законот за општа управна постапка (Сл. весник на РМ бр. 124/2015) Комисијата за решавање жалби од втор степен го донесува следното

# РЕШЕНИЕ

по жалбата од Ѓорги Чулев со овластување број 2.0723 (бр 03 655/8 од 19.7.2017 година)

1. **Се одбива жалбата на Ѓорги Чулев**, на решението од Претседателот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери бр 03-655/6 од 3.7.2017 година, донесено по одлука на дисциплинската комисија како неоснована.
2. Постапката на првостепениот орган, Дисциплинската комисија во Комората е спроведена правилно и решението од Претседателот на Комората е засновано на закон и е исправно.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за решавање на жалби од втор степен во состав, Емил Бундевски, претседател на комисијата, Љупчо Георгиевски, заменик претседател, Ванчо Ангелов и Сељејдин Бехадини како членови, одржа состанок на ден 25.7.2017 година на кој ја разгледа жалбата од подносителот Ѓорги Чулев и целокупната документација поврзана со предметот.

Констатирано е дека сиот претходно доставен доказен материјал, заедно со поднесената жалба е доволен за донесување на решение од второстепената комисија, па во тој контекст не беше побарана дополнителна документација.

За време на постапката се разгледаа понудата за градба број 08-392 од 29.7.2014, договор за градба број 08-498 од 22.10.2014 година, судско порамнување број П4-56/15 од 31.8.2016, решение за назначување на раководител на објект број 03-514 од 3.11.2014 година, извештај од испитување на квалитет на вграден бетон од Градежниот Инстутут Македонија со технички број 06/15-420 од 15.6.2015 , писмените изјави од двете засегнати странки, испратница за нарачаниот бетон од Фабрика Слобода број

0504-116, решенијата од првостепениот орган, градежни дневници од изведбата и поднесената жалба од Чулев.

Комисијата најпрво констатираше дека во поднесената жалба, Ѓорги Чулев има истакнато дека првостепениот орган, дисциплинската комисија при Комората ја префрла целата вина на инженер Чулев, а дека раководителот на објектот инженер Владко Спасов е целосно ослободен од вина, што не е точно. Согласно доставениот материјал од првостепениот орган, и решение број 03-655/7 од 3.7.2017 година, дисциплинска мерка е искажана и кон раководителот на објектот Владко Спасов со овластување број 2.1388. Второстепената комисија за жалби, разгледувајќи го целокупниот материјал вклучително и дисциплинската мерка кон Владко Спасов, повторно констатираше дека постои делумна вина и кај раководителот на објектот, посебно од аспект на неажурно водени градежен дневник и примање на бетон со помала марка од онаа предвидена во проектната документација. Сепак, комисијата констатираше дека не е можно целосно да се префрли одговорноста кон раководителот на објектот бидејки тој, согласно доставеното решение за назначување не е овластен да прави нарачки на бетон. Задолженијата на раководителот на објектот се таксативно наброени во решението за именување, така што одговорноста за грешната нарачка е на инженер Чулев како управител на фирмата изведувач.

Комисија за решавање на жалби, констатира дека сопственикот на фирмата, инженер Чулев во дел од изведбата работел спротивно на проектната документација и овозможил вградување на бетон со помала јачина од онаа предвидена во проектна документација за соодветните конструктивни елементи. Во понудата за изведба помеѓу инвеститорот и изведувачот број 08-392 од 29.7.2014 година во член 3 стои одредбата дека кај одредени конструктивни елементи потребно е да се употребува бетон марка 30, а инженер Чулев има нарачано бетон марка 20. Пониското квалитет на бетон е потврден и од извештајот од испитување на квалитет на бетон направено од Градежниот Институт Македонија со технички број 06/15-420. Инженер Ѓорги Чулев исто така не негира дека е нарачан и вграден бетон со помала марка во конкретните конструктивни елементи, и е свесен дека овој дел од изведбата е спротивен на потпишаниот договор.

Сите доказни материјали, вклучително и изјавите од инженер Чулев, наведуваат на тоа дека е вграден бетон со помала марка од предвидената, со што се влијае на стабилноста на објектот.

Водејќи се од горенаведеното, комисијата за решавање на жалби од втор степен ја одбива жалбата од инженер Чулев како неоснована и го потврдува решението од првостепениот орган за одземање на овластувањето за изведба за период од една година. Комисијата напоменува дека, решението за одземање е само за овластувањето за изведба, а останатите издадени овластувања за инженер Чулев остануваат активни.

Правен лек

Против ова решение инженер Чулев има право да поведе управна постапка пред Првостепениот управен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Претседател на Комисијата за решавање на жалби од втор степен

Емил Бундевски